Стопанска комора на Македонија
-Здружение на градежништвото, индустријата
на градежни материјали и неметалите

# Анализа на состојбите во градежништвото
# I-VI 2018/I-VI2017

Во првиот семестар од 2018 година во однос на истиот период лани, градежништвото во БДП забележа пад од **25,1 %.**

Забележано е и намалување на секторот градежништво во самата структура на БДП во првиот семестар на 2018 година, наспроти истиот период лани за 2,9 процентни поени. Ако се земе предвид дека и во првиот квартал на 2017 година, градежништвото забележа пад во однос првиот квартал на 2016 година, може да се констатира дека податоците се уште попоразителни.

| | Процентуално учество во структурата на БДП по трајни цени (%) | | |
|---|---|---|---|
| | **1С 2016** | **1С 2017** | **1С 2018** |
| Бруто-домашен производ | 100 | 100 | 100 |
| Градежништво | 12,8 | 10,6 | 7,7 |

**1.**Во првото полугодие од 2018 година се издадени **1.253 одобренија за градење што е за 32,08 % помалку од првото полугодие на 2017 година кога биле издадени 1.845 одобренија за градење.**

| **Одобренија за градење** | **I-VI 2017** | **I-VI 2018** | **Раст / опаѓање I-VI 2018/I- VI 2017 во %** |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 1.845 | 1.253 | **-32,08** |
| **Високоградба** | 1.173 | 737 | **-37,1** |
| **Нискоградба** | 237 | 207 | **-12,6** |

Во делот на високоградбата забележан е значителен пад на бројот на издадени одобренија за градење и истиот изнесува **37,1 %.** Во делот на нискоградбата падот изнесува **12,6 %.**




2. При анализа на **предвидената вредност на работите**, може да се констатира дека во првото полугодие на 2018 година (19.099.953 милиони денари) споредено првото полугодие на 2017 година (29.700.508 милиони денари), е забележан значителен пад од **35,7 %.** Падот на предвидената вредност на објектите во нискоградбата изнесува **45,6%**, додека во високоградбата изнесува **29,33%.**

Ако се тргне од првото тримесечје има мало раздвижување на работите. Во првото тримесечје 2018 година наспроти истото лани, падот на вкупната предвидена вредност на објектите изнесуваше **65,6%.** Во нискоградбата, падот достигна дури **82,42 %,** додека високоградбата, **49,6 %.**

Во второто тримесечје вкупната предвидена вредност на објектите (12.689.862 милиони денари) бележи пораст во однос на второто тримесечје лани (11.075.282 милиони денари) од **14,57 %.** Вкупниот пораст во ова тримесечје се должи пред се на порастот на предвидената вредност на објектите од **180,3 %** во нискоградбата. Во високоградбата предвидената вредност на објектите во второто тримесечје во однос на лани бележи пад од **9 %.**

| Предвидена вредност на градежните работи | I-VI 2017 | I-VI 2018 | **Раст / опаѓање %** |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 29.700.508 | 19.099.953 | **-35,7%** |
| Високоградба | 17.901.254 | 12.649.379 | **-29,33%** |
| Нискоградба | 10.219.416 | 5.556.660 | **-45,6%** |
| Реконструкција | 1.579.838 | 893.914 | **-43,41%** |




**3. Номиналната вредност на вкупните договорени градежни работи** во периодот јануари – јуни 2018 забележа пад во однос на истиот период лани за **48,59%.** Огромен пад од **71,2%** се забележува во делот на нискоградбата, додека во делот на вискоградбата има пораст од **2,56%.**

Вредност на договорени градежни работи 1К-2018/1К-2017

| Номинална вредност на договорени градежни работи | I-VI 2017 | I-VI2018 | **Раст / опаѓање2017-2018 %** |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 74.354.118 | 38.223.926 | **-48,59** |
| Високоградба | 22.754.634 | 23.337.393 | **2,56** |
| Нискоградба | 51.599.484 | 14.886.533 | **-71,2** |

**Номиналната вредност на вкупните извршени градежни работи** во првото полугодие на 2018 година во однос на истиот период 2017 година бележи пад од 1.521.797 илјади денари или **13.11%.** Додека во делот на нискоградбата е забележан пад од **26,49** %, во делот на високоградбата е забележан пораст од **11,13** %.

Вредност на извршени градежни работи 1К-2018/1К-2017

| Номинална вредност на извршени градежни работи | I-VI 2017 | I-VI 2018 | **Раст / опаѓање 2017-2018 %** |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 11.606.660 | 10.084.863 | **-13,11** |
| Високоградба | 4.127.601 | 4.587.060 | **11,13** |
| Нискоградба | 7.479.059 | 5.497.803 | **-26,49** |

**4.Станбена изградба**

Според одобренијата за градење, за првите шест месеци од 2018 година предвидена е изградба на 3.181 станови, додека за истиот период од 2017 година, беа предвидени 5.061 станови, односно има намалување од 37,1%.

*Предвиден број на станови јануари – јуни 2017, 2018 година*

| Година | Предвиден број на станови | Вкупна корисна површина |
|---|---|---|
| I- VI 2018 | **3.181** | **250.866м2** |
| I- VI 2017 | **5.061** | **414.239м$^2$** |

Од регионите и понтаму најатрактивен за градење останува Скопскиот регион, а од општините Аеродром, Карпош, Центар, Гази Баба и Кисела Вода.



**5.Работа во странство**

Од податоците достапни на Државниот завод за статистика може да се забележи значително намалување на вредноста на договорените градежни работи во странство, при што вкупната вредност на договорени градежни работи во странство во првото полугодие на 2018 година во однос на првото полугодие на 2017 година бележи пад од 54,6**%.**

Во периодот јануари – јуни 2018 година, вкупната вредност на извршени градежни работи во споредба со истиот период од претходната година, бележи пораст од 4,9%.

| | I-VI 2017 | I-VI 2018 | **Раст / опаѓање 1с 2018/ 1с 2017%** |
|---|---|---|---|
| Вкупна вредност на договорени градежни работи во странство (во илјади денари) | 2.022.522 | 917.499 | **-54,6** |
| Вкупна вредност на извршени градежни работи во странство (во илјади денари) | 665.471 | 698.072 | **4,9%** |

10.9.2018 година